# Б А Л Е Т
# и содржинска обработка на балетот „ЛЕБЕДОВО ЕЗЕРО“ - П. И. Чајковски

**Балет е сценска изведба во која драмското дејство се изразува преку движење, танц и пантомима во придружба на музика.**

Првите форми на балет се среќаваат во примитивните магиски игри, културните обреди на старите цивилизации, грчката трагедија и комедија, во игрите на уличните пејачи и забавувачи во средниот век. Како театарска форма на игра, балетот почнал да се развива во Западна Европа за време на ренесансата (1300 – 1600) година.

Со отворање на балетски школи (1661) почнува историјата на класичниот балет, кој пак се одликува со јасни движења, изрази, пантомима и чувства.

**Во XVII и XVIII век балетот почнал да се прикажува како составен дел од операта (интермецо).** Потоа следи период на голем напредок во техничките стандарди на балетот.

**Во XIX век балетот станал сериозна, драматична и самостојна уметничка форма и на исто рамниште со операта.**

**Класичниот балет е најфомален балетски стил кој се придржува до традиционалната балетска техника.** Препознатлив е во уникатните карактеристики и техники, високите протегнувања, грациозните, лесни и прецизни движења.

**Романтичниот балет бил инспириран од приказни и легенди, применувајќи класична балетска техника во која се забележуваат елементи од темпераментните народни игри.**

Во почетокот на XX век Сергеј Дјагиљев со група млади кореографи и музичари создава модерен балет. Тој тежнее кон единство на танцот и музиката.

Модерниот балет ги користи естетските компоненти од класичната балетска техника, традиционалните и модерните народни игри, но применува и соврмен балетски израз.

**Исидора Данкан е основоположник на модерниот танц.** Таа е прва балерина која танцува боса.

Познати балетски остварувања се: „Лебедово Езеро“, „Оревокршачка“, „Заспаната убавица“ од П. И. Чајковски, „Жизел“ од Адолф Адам, „Жар птица“ и „Петрушка“ од Игор Стравински, „Ромео и Јулија “ од Сергеј Прокофјев, а еден од најпознатите македонски балети е „Охридска легенда од Стеван Христиќ“.

Познати балетски уметници се: Галина Уљанова, Ана Павлова, Рудолф Нуреев, Габор Капин и др.



Галина Уљанова



Ана Павлова



Рудолф Нуреев



Габор Капин

Петар Илич Чајковски — еден од најголемите руски композитори и симфоничари, кој со своите дела ја одбележа ерата на доцниот романтизам како еден од најсестраните и најплодните. Живеел и творел во втората половина на XIX век. Уште од мал покажувал интерес кон музиката, посебно кон руската народна музика. Често пати во неговите дела се забележуваат елементи од рускиот фолклор.

Значаен придонес дал во развојот на рускиот балет.

Негови најпознати дела се оперите „Евгениј Онегин“ и „Пикова дама“, а неговуите три балети: „Оревокршачка“, „Лебедово езеро“ и „Заспаната убавица“ се едни од најизведуваните балети на сите времиња. Познато негово дело е и циклусот „Годишните времиња“.



**Балет Лебедово езеро“**

**Прв чин**

*Вовед*: Младиот Зигфрид е задлабочен во своите фантазии за замислената девојка во бело при што тој заспива. Тогаш се појавува чуден човек - волшебникот на злото Ротбарт. Тој дознава за мечтаењето на Зигфрид и решава да докаже дека љубовта е само измислица на поетите и уметниците.

*Прва сцена - Парк на замокот*: Слугите на кралството танцуваат на полјанката и го забележуваат принцот кој спие во куќичката. Тие се изненадени, зашто тој е облечен во чудна облека. Зигфрид се буди, зачуден, зашто сѐ околу него му изгледа непознато, а сите му се поклонуваат. Се појавува Наставникот и го прашува момчето од каде му е таа чудна облека. Сите се возбудени зашто треба да пристигне неговата мајка - Големата кралица. Всушност, присутните го заменуваат момчето со наследникот на престолот, принцот Зигфрид. Момчето е воодушевено и сето тоа внимание му изгледа привлечно. Тој првпат ја гледа кралицата, а таа нежно го бакнува и му го подарува семејниот медалјон. Продолжува празникот во чест на полнолетството на принцот Зигфрид. Веќе се испратени поканите до далечните кралства и принцезите се на пат. Утредента треба да биде избрана една од нив, која ќе му стане жена на принцот. Постепено се стемнува, а принцот заминува на лов, на езерото.

*Втора сцена* - *Езеро*: Злобниот Ротбар е задоволен, зашто се остварува неговиот план. Тој ги претвора девојките во бели лебеди меѓу кои се наоѓа и прекрасната Одета на која Зигфрид треба да ѝ ја вети својата љубов. Тие се среќаваат на брегот на езерото, а принцот е восхитен од убавината и нежноста на девојката, убеден дека ја нашол својата љубов.

**Втор чин**

*Трета сцена*: *Дворецот*: Во дворецот, сè е подготвено за свечената церемонија и се собираат гостите, а списокот на потенцијалните невести е определен. Во чест на принцот Зигфрид танцуваат принцезите од различни кралства. Но, тој не може да избере ниту една од нив, зашто неговото срце копнее само за Одета. Неочекувано, слугите го најавуваат пристигнувањето на непозната принцеза. Повторно, тоа е дел од планот на Ротбар, кој го испраќа црниот лебед, т.е. сестрата на Одета, Одилија. Таа е прекрасна и ги воодушевува сите присутни, а Зигфрид ѝ се колне на вечна љубов. Меѓутоа, веднаш потоа, тој како да се освестува и го чувствува плачот на Одета, а срцето го повикува да оди да ја пронајде. Во дворецот настанува паника, а само Ротбар ликува, знаејќи дека следува најлошото за Зигфрид.

*Четврта сцена - Езерото*: Се крева бура и езерото е разбранувано. Одета е вознемирена, а нејзината душа плаче. Ротбар ја контролира ситуацијата и чека Зигфрид да се појави на предвидениот испит. Доаѓа Зигфрид, кој ја предал својата вистинска љубов и го уништил својот идеал. Тој ја замолува Одета за прошка, објаснувајќи дека некој друг го контролира неговото сознание. Тогаш, пред нив се појавува Ротбар и Зигфрис сфаќа кој е тој човек. Лебедите и Одета му се покоруваат на Ротбар, а Зигфрид е немоќен да се спротивстави на неговата црна сила. Зигфрид пука со самострелот кон Ротбар, но злото не е казнето, туку саканата девојка е мртва. Зигфрид е очаен поради смртта на својата вистинска љубов и за него нема повеќе место на овој свет. Истовремено, тој е решен да биде со Одета на другиот свет и затоа се фрла по неа во бездната..

*Епилог*: На хоризонтот се појавуваат првите сончеви зраци. Злобниот волшебник е разочаран, зашто ако постои саможртвување, тогаш постои и љубовта. Оттука, Ротбар го запира сонот и момчето се буди, прашувајќи се дали сето тоа било само сон. Меѓутоа, како награда, судбината му испраќа вреден подарок - пред него се појавува девојката за која тој мечтаел целиот живот, Одета од неговиот сон. Двајцата притрчуваат еден кон друг во прегратка, а сето тоа го набљудува Ротбар, кој сфаќа дека не може да ја уништи вистинската љубов. Ротбар си заминува..

**Линкови за слушање**

**Главна тема**

https://www.youtube.com/watch?v=jjDYW46PjA8

**Валс на лебедите**

https://www.youtube.com/watch?v=aLMPVBJv_Ts

**Соло на Одета**

https://www.youtube.com/watch?v=KAfPbrhGKcU

**Танц на малите лебеди**

https://www.youtube.com/watch?v=Xd2nTXsivHs






Изработил: Благој Крстевски
– наставник по музичко образование
во О.У. „Тодор Ангелевски“ Битола